20260961470

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 април 2026 година.

Бр. 08-3046/1
29 април 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Во Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) во член 23 во ставот 4 во алинејата 5 по зборовите: „АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“ се додаваат зборовите: „или сертификат/уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски).“.

Член 2

Во член 24-а во ставот 1 алинејата 2 се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.